ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 9 ДАТА 05.03.2021 ГОДИНА 39

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 9 ДАТА 05.03.2021 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОРИ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 04.03.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РОСОМАН 83„ Росоман: Анѓелов Ѓ. Петар, Лазов Д. Јован, Ѓоргов Ј. Никола, Печевски Б. Филип, Иванов М. Стефан, Бошевски Л. Митре, Димов С. Јане, Петров С. Христијан и Димовски Б. Богдан, по член 35/1.

ГФК „ТИКВЕШ 1930„ Кавадарци: Попов В. Никола, по член 35/1.
Гелов З. Христијан од ФК „Тиквеш 09„ од Кавадарци, по член 35/4.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 26.02.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор и тоа:

На седницата одржана на ден **11.02.2021** година и тоа:

- Одлука со деловоден број 0202-379/2
- Одлука со деловоден број 0202-379/3
- Одлука со деловоден број 0202-379/4
- Одлука со деловоден број 0202-379/5

На седницата одржана на ден **18.02.2021** година и тоа:

- Одлука со деловоден број 0202-507/2
- Одлука со деловоден број 0202-507/3

2. Одлуката стапува на сила ведаш и истата ќе се објави во Макфудал.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 26.02.2021 година, ги разгледа одлуките донесени од страна на Одборот за итност во периодот помеѓу две седници, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-580/23
26.02 2021 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со член 149 од ДП на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 26.02.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Барањето за вонредно ублажување на казна бр. 0302-552/1 од 22.02.2021 година поднесено од ФК Башкими 1947 Куманово, во врска со одлуката на Дисциплинскиот комесар на Трета лига Север бр. 0712/2020-1 од 07.12.2020 година се одбива поради немање надлежност во постапувањето.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 26.02.2021 година го разгледа Барањето за вонредно ублажување на казна бр. 0302-552/1 од 22.02.2021 година поднесено од ФК Башкими 1947 Куманово во врска со одлуката на Дисциплинскиот комесар на Трета лига Север бр. 0712/2020-1 од 07.12.2020 година.

Управниот одбор пред да пристапи кон утврдување на исполнетост на условите за поднесување на Барањето пристапи кон утврдување на надлежноста на Собранието на ФФМ за одлучување по поднесеното Барање.

Согласно член 149 став 2 од ДП на ФФМ Управниот одбор утврди дека Собранието на ФФМ има надлежност да постапува по барања за вонредно ублажување на казна изречена од страна на дисциплински орган на ФФМ објавени во "Макфудбал". Со оглед на фактот дека Барањето за вонредно ублажување на казна се однесува на одлука донесена од дисциплински орган на Трета лига Север, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател**
**Муамед Сејдини**

Да се достави до:
-Барателот
-Трета лига Север

Деловоден број 0202-580/23

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0207-537/16
19 02 2021 год.

Комисија за избори и верификација на ФФМ

Врз основа на член 43 и член 91 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и член 12 став 1 алинеа 4 и 5 и член 16 од Правилникот за избори и верификација на Фудбалската Федерација на Македонија, Комисијата за избори и верификација на ФФМ, во состав Владимир Гашевски-Претседавач, Горанчо Костовски-член, Горан Каркински -член, Борче Размоски -член и Кристина Јаќимовска – член на ден 19.02.2021 година ја донесе следната :

## О Д Л У К А

1. Се утврдува **МУАМЕД СЕЈДИНИ**, роден на ден 25.11.1969 година, со ЕМБГ [redacted] од Кичево за кандидат за Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Одлуката да се објави во стручно информативниот лист на ФФМ – Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за избори и верификација на ФФМ на седницата одржана на ден 19.02.2021 година постапувајќи согласно член 88 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и член 12 став 1 алинеа 4 и 5 и член 16 од Правилникот за избори и верификација на ФФМ ја разгледа доставената документација од Општински фудбалски сојуз Кичево примена во ФФМ на ден 18.02.2021 година под дел.бр. 0207-503/1 и 0207-503/2, и тоа Записник од одржано Редовно Генерално изборно Собрание на ОФС Кичево на ден 03.02.2021 година бр. 03/11од 03.02.2021 година, Список на присутни делегати на собрание на ОФС Кичево бр. 03/2 од 03.02.2021 година, Одлука за избор на кандидат за Претседател на ФФМ бр. 03/8 од 03.02.2021 година, Уверение за државјанство бр. 12.1.8.2-01/239 од 21.02.2019 година, Уверение РВПП 604/21 од 03.02.2021 година издадено од Основен суд Кичево, Уверение КР-372/21 од 03.02.2021 издадено од Основен суд Кичево и Потврда за казнена евиденција КР 371/21 од 03.02.2021 година издадено од Основен суд Кичево, Потврда од ОФС Кичево бр. 03/9од 03.02.2021 година,Потврда од Дисциплинска комисија на ФФМ бр. 08-268/2 од 11.02.2021 година.

Од доставената документација Комисијата утврди дека Општинскиот фудбалски сојуз Кичево одржал редовно генерално изборно собрание на ОФС Кичево на ден 03.02.2021 година на кое делегатите на Собранието на ОФС Кичево го избрале Муамед Сејдини за кандидат за Претседател на ФФМ. Комисијата утврди дека кандидатот за Претседател на ФФМ Муамед Сејдини е државјанин на Република Северна Македонија, кандидатот е на возраст од 50 години, полнолетен и целосно деловно способен, односно не му е одземена деловна способност, активно учествувал во работата на фудбалска организација, кандидатот не е суспендиран и не издржува мерка забрана на вршење функција изречена или

потврдена од орган на ФФМ, УЕФА и ФИФА, не е исклучен од членство и за кандидатот нема обвинителен акт кој влегол во правна сила, ниту пак за него е донесена неправосилна осудителна пресуда.

Комисијата согласно вака утврдената фактичка состојба, врз основа на одредбите од член 43 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија каде е уредено дека „ Кандидатот за Претседател, член на орган или тело на ФФМ мора кумулативно да ги исполнува следните услови: 1. Да е државјанин на Република Македонија најмалку 10 години; 2. Да е целосно деловно способен и да има наполнето најмалку 18 години; 3. Активно да учествува/л во активностите на фудбалската организација; 4. Во периодот на избор да не е суспендиран, и да не издржува мерка забрана на вршење функција, изречена или потврдена од орган на ФФМ, УЕФА и ФИФА; 5. Да не е исклучен од членство;. Покрај наведените услови кандидатите за Претседател на ФФМ и членови на Управниот одбор на ФФМ треба да доставаат и потврда за неосудуваност за кривични дела за кои се изрекува казна затвор во траење подолго од 6 (шест) месеци, Кандидатот за Претседател, во годината кога му завршува мандатот, не смее да ја надмине возраста определена како највисока, согласно позитивните законски прописи кои го уредуваат и регулираат правото на остварување на старосна пензија. Управниот одбор може да определи дополнителни критериуми за членство во постојаните и ад-хок комисии". Одредбите од член 91 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија, „ На предлог на надлежен орган на членките на ФФМ, Претседателот на ФФМ го избира Генералното собрание во пропишана постапка согласно утврдените критериуми во овој Статут. Во случај членките на ФФМ во своите статути да немаат определено надлежен орган, за надлежен орган се смета собранието на членката. На кандидатот за Претседател на ФФМ од редот на утврдените делегати, по изборот на функцијата Претседател на ФФМ не му престанува функцијата делегат на собранието на ФФМ.Кандидатот за Претседател на ФФМ кој не е од редот на утврдените делегати на собранието, по изборот на функцијата Претседател на ФФМ се стекнува со делегатски статус. За исполнетоста на критериумите на кандидатите за претседател одлучува Комисијата за избори и верификување. Претседателот на ФФМ по функција е Претседател на Генералното собрание и Претседател на Управниот одбор на ФФМ. Претседателот на ФФМ кој се стекнал со делегатскиот статус по изборот за Претседател на ФФМ, во случај на престанок на функцијата Претседател на ФФМ пред истекот на мандатот, го губи делегатскиот статус. Мандатот на Претседателот на ФФМ согласно одредбите на овој Статут изнесува 4 (четири) години со право на повторен избор. ". Комисијата согласно своите надлежности уредени во член 88 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и член 12 став 1 алинеа 4 и 5 и член 16 од Правилникот за избори и верификација на ФФМ, донесе одлука како во диспозитивот.

Претседавач,

Владимир Гашевски с.р

Деловоден број 0207- 537/16

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0207-574/4
25 02 2021 год.

Комисија за избори и верификација на ФФМ

Врз основа на член 94 од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и член 19 од Правилникот за избори и верификација на Фудбалската Федерација на Македонија, Комисијата за избори и верификација на ФФМ, во состав Владимир Гашевски-Претседавач, Горанчо Костовски-член, Горан Каркински – член, Борче Размоски – член и Кристина Јаќимовска – член, на ден 25.02.2021 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**1.** СЕ УТВРДУВА конечна листа на кандидати за членови на Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија за Редовното Генерално Изборно Собрание на ФФМ кое ќе се одржи на ден 14 Март 2021 година во Скопје.

| Реден број | Општински фудбалски сојуз | Име и презиме на кандидатот | Дата на раѓање на кандидатот |
|---|---|---|---|
| 1. | Општински фудбалски сојуз Битола | Златко Талевски | 23.05.1961 |
| 2. | Општински фудбалски сојуз Валандово | Славе Крстев | 22.07.1960 |
| 3. | Општински фудбалски сојуз Велес | Лазар Ракиџиев | 02.06.1977 |
| 4. | Општински фудбалски сојуз Гази Баба | Светозар Станковски | 28.06.1968 |
| 5. | Општински фудбалски сојуз Гевгелија | Боро Истатов | 31.05.1975 |
| 6. | Општински фудбалски сојуз Гостивар | Арѓенд Беќири | 03.04.1975 |
| 7. | Општински фудбалски сојуз Демир Хисар | Љубе Ристевски | 03.04.1975 |
| 8. | Општински фудбалски сојуз Кавадарци | Сашко Тасев | 04.01.1960 |
| 9. | Општински фудбалски сојуз Кисела Вода | Игор Франговски | 19.08.1967 |
| 10. | Општински фудбалски сојуз Кратово | Добре Иванов | 18.02.1971 |
| 11. | Општински фудбалски сојуз Куманово | Борче Лазаревски | 29.01.1952 |
| 12. | Општински фудбалски сојуз Липково | Саљим Абдили | 05.02.1966 |
| 13. | Општински фудбалски сојуз Македонски Брод | Сашо Стојаноски | 15.04.1966 |
| 14. | Општински фудбалски сојуз Неготино | Ордан Андонов | 15.04.1966 |
| 15. | Општински фудбалски сојуз Прилеп | Марјанчо Стојковски | 14.06.1969 |
| 16. | Општински фудбалски сојуз Пробиштип | Горан Гаврилов | 07.07.1965 |
| 17. | Општински фудбалски сојуз Ресен | Тони Иваноски | 26.07.1976 |
| 18. | Општински фудбалски сојуз Струга | Џеват Дибрани | 02.09.1966 |
| 19. | Општински фудбалски сојуз Штип | Димитар Џонов | 10.02.1977 |
| | | | 04.01.1965 |

**2.** Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување, истата ќе се објави во службеното гласило на ФФМ - Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за избори и верификација на седницата одржана на ден 25.02.2021 година, постапувајки согласно член 19 од Правилникот за избори и верификација на ФФМ, по утврдување на кандидатите за членови на Управниот одбор на ФФМ предложени од членките на ФФМ, утврди конечна листа на кандидати за Управниот одбор на ФФМ, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседавач,**
Владимир Гашевски с.р

ДН:

- Генерален Секретар
- Управен одбор на ФФМ
- Архива на ФФМ
- Макфудал

Деловоден број 0207-574/4

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-656/1

Прва МФЛ: 2020 - 2021

Скопје: 04.03.2021 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 04.03.2021 година донесе:

## О Д Л У К А

1. ФК СИЛЕКС АД - Кратово се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМврз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 21 коло на Прва МФЛ 20/21 помеѓу, ФК СИЛЕКС АД - ФК ШКУПИ- 1927 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Јордан Серафимовски со ИД 105055 фудбалер на ФК Силекс АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт -црвен картон (прв во 75 минута поради влечење и втор во 90+2 минута поради недозволен старт) во рамки на 21 коло на Прва МФЛ на натпреварот ФК Силекс АД- ФК Шкупи 1927АД одигран на 03.03.2021 година во Кратово.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК СИЛЕКС АД - Кратово
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам .претседавач

Игор Франгоски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-657/1

Прва МФЛ: 2020 - 2021

Скопје: 04.03.2021 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 04.03.2021 година донесе:

# О Д Л У К А

1. ФК СИЛЕКС АД - Кратово се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ 200002504222317
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило наФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМврз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 21 коло на Прва МФЛ 20/21 помеѓу, ФК СИЛЕКС АД - ФК ШКУПИ- 1927 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Дејан Благојевиќ со ИД 135269 фудбалер на ФК Силекс АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон во 78 минута поради неспортски однос(игра со рака) во рамки на 21 коло на Прва МФЛ на натпреварот ФК Силекс АД- ФК Шкупи 1927АД одигран на 03.03.2021 година во Кратово.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК СИЛЕКС АД - Кратово
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам .претседавач

Игор Франгоски с.р

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-658/1

Прва МФЛ: 2020 - 2021

Скопје: 04.03.2021 Година

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 04.03.2021 година донесе:

## ОДЛУКА

1. ФК ВАРДАР АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМврз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 21 коло на Прва МФЛ 20/21 помеѓу, ФК РЕНОВА АД - ФК ВАРДАР АД, ја констатира следната фактичка состојба: Радуловиќ-Величковиќ Мартин со ИД 119394 фудбалер на ФК Вардар АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон (спречување на очигледна шанса за гол) во рамки на 21 коло на Прва МФЛ на натпреварот ФК Вардар АД-ФК Ренова АД одигран на 03.03.2021 година во Тетово.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ВАРДАР АД - Скопје
- Сметководството наФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам. претседавач

Игор Франгоски с.р

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**